***Автор:*** *Македонски центар за меѓународна соработка*
***Дата:*** *октомври 2017*
***ISBN:*** *978-608-4681-94-6*
***PDF:*** sledenje-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-3.pdf
***Резиме:*** rezime-na-sledenje-na-rabotata-na-dksk-3.pdf
***Summary:*** summary-of-the-oversight-of-the-work-of-the-SCPC-3.pdf



Од вкупно 31 индикатори следени во периодот на известување, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), девет се остваруваат целосно во согласност со закон, 17 се остваруваат делумно, а пет не се остваруваат.

**Антикорупциска проверка на легислативата се спроведува но недоволно активно.** Проверката е направена во овој квартал за два од шест закони планирани за претходниот квартал на 2017 г, а не е направена за ниеден од шест закони планирани за вториот квартал во 2017 г. Иако , Владата има утврдено предлог закон на седница, истиот не е доставен до ДКСК за задолжителна проверка на ризици од корупција. Од друга а ДКСК не преземала активности за да и обрне внимание на Владата и надлежните министерства дека не го испочитувале Деловникот за работа на Владата.

**ДКСК продолжи со активно спроведување на активностите на полето на соработка и едукација.** ДКСК потпиша Меморандум за унапредување и проширување на соработката со Управата за извршување на санкции. Беа одржани и работни средби со работна група за спроведување анализа на дискрециските овластувања, како и работни состаноци со претставници од државните институции од Македонија и странство. ДКСК организираше и учествуваше на различни работилници, обуки и конференции, како во земјата така и во странство.

**ДКСК ја ажурираше листата за информации од јавен карактер**. Вкупниот број на информации кои се дел од листа на информации од јавен карактер е зголемен од 29 на

38. Во однос на содржината на достапни податоци, 14 информации од листата се непроменети, 17 информации кои се дел од новата листа, односно се додадени, се однесуваат на надлежностите на ДКСК кои произлегуваат од Законот за лобирање и Законот за заштита на укажувачите. Осум информации кои беа третирани како информации од јавен карактер во листата од 2010 г. се избришани од новата листа, а кај седум информации има измени.

**ДКСК не одржува квартални средби со граѓанските организации и организациите од приватниот сектор потписници на Меморандумот за соработка.**

**ДКСК недоволно ја информира јавноста за сите свои активности.** Имено, ДКСК нема пракса да објавува информации на својата веб страна за учество на обуки, работилници, одржани средби и сл. за кои нема законска обврска да го направи тоа.

# ШТО СРАБОТИЛА ДКСК
## ВО ПЕРИОДОТ АПРИЛ – ЈУНИ 2017 г.?

### КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

**ПОДГОТВЕНО Е МИСЛЕЊЕ ЗА ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.**

### АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

- Планирано е да се направи проценка на ризик од корупција на 12 закони.
- Направена е проценка на два закони: Законот за Академија за судии и јавни обвинители и Законот за државен пазарен инспекторат.
- Направени се измени на Методологија за АПЛ: ДКСК веќе нема обврска да подготовува годишниот план за АПЛ за предлог закони кои ќе бидат донесени во текот на годината и ДКСК нема обврска да објавува на веб-страната План и динамиката за АПЛ за веќе донесени закони.

### НАДЗОР И КОНТРОЛА

- Подготвени се **1.226 МИСЛЕЊА** до институциите поврзани **СО КОРИСТЕЊЕТО НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД.**
- Покренати се **0 ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНЕРИ.**
- Покренати се **0 ИНИЦИЈАТИВИ** за поведување постапка за кривично гонење на функционери.
- Отворени се **15** предмети за можно постоење на **СУДИР НА ИНТЕРЕСИ НА ФУНКЦИОНЕРИ.**
- Отворени се **20** предмети по **ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА** за сомневање за корупција.

Според Службен весник на РМ **170 лица се избрани и именувани на функции.**

- Објавени се **АНКЕТНИ ЛИСТОВИ** за **59** (34,7%) лица.
- Објавени се податоци за **65** (38,2%) лица во **РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА.**
- Доколку ДКСК постапела **СОГЛАСНО ЧЛЕН 63.Б СТАВ 1** од Законот за спречување на корупцијата, по основ на глоба би се наплатиле **231.000 ЕВРА.**

Во Македонија има **1291** институција во јавниот сектор:

- **СЕДУМ НОВИ ИНСТИТУЦИИ** доставиле информација за **ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ.** Вкупно 33 институции (2,56%) до сега доставиле ваква информација.

**ЗАПОЧНАТА Е ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА СВЕСТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ.**

### СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА

- Одржана е средба на **работна група** за **спроведување анализа на дискрециските овластувања.**
- Одржан е **работен состанок со амбасадорот на Италија** за идните чекори кои двете земји ги преземаат во борбата против корупцијата и Самитот во Трст.
- Одржана е **работна средба** со претставници од државните институции од Унгарија на тема „**Јакнење на меѓународната соработка за ефикасна и ефективна борба против корупција**".
- Одржана е **работилница за постапување и решавање на поднесени приговори** во пресрет на локалните избори и поттикнување на меѓуинституционална соработка.
- Потпишан е **МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ.**

### ОТЧЕТНОСТ

- Не е подготвен и поднесен **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ДО СОБРАНИЕТО**